Електронски Информатор

јули-октомври 2006

Број 26



# “Бушавко”

**Дел од содржините во овој број:**


| | |
|---|---|
| *177 внатрешно раселени деца во Македонија* | *2* |
| *Реакција против легализација на Партијата на педофилите* | *2* |
| *Над 100 деца ги користат услугите на детските работилници* | *3* |
| *Тажни приказни од животот на 17 деца без родители* | *4* |
| *Замолница до медиумите* | *5* |
| *193 повици на СОС телефонот за деца и млади* | *7* |
| *Пријавени 14 нови случаи на кршење на правата на децата* | *7* |


**Донирајте**

**070/14 34 24**
**075/14 34 24**

**Со секој повик донирате 100,00 односно 50,00 денари за Активности против насилство врз децата во Македонија**

## Внатрешно раселените лица од прифатлиштето на Меѓаши, по 5 години се вратија во своите домови

Четирите семејства од прифатилиштето на Првата детска амбасада во светот—Меѓаши, по пет години конечно се вратија во своите нови домови.

Семејствата се вселија во прифатилиштето за да избегаат од ужасот на конфликтот во 2001 година, на кој беа непосредни сведоци во нивното Арачиново. Осум жители на прифатилиштето беа деца, од кои три се родија во него.

За време на летото, семејствата се преселија во сопствените домови во Скопје и Куманово, и полека се прилагодуваат на локалниот живот. Ивана и Санела се запишаа во средни училишта, а Андријана и Марија во нови основни училишта. Јована од оваа година е прваче, додека Аце, Никола и малата Марија на училиште ќе тргнат наредната година.

Им посакуваме многу среќа!

## Форум театар на животните приказни на децата без родители кои биле згрижувани во дом-семејства или дом



Првата детска амбасада во светот-Меѓаши веќе една година обезбедува психосоцијална и едукациска поддршка на 17 деца без родители по напуштање на домот “11 Октомври”.

Нашата цел е да придонесеме во социјализацијата и осамостојувањето на младинците од домот “11 Октомври” и дом семејствата во услови кога ги напуштаат истите, преку едукативни работилници за нивно доедуцирање и советодавни работилници за психосоцијална поддршка.

**(продолжува на стр. 3)**

## Над 250 милиони деца во светот се жртви на злоупотреба на детскиот труд

На 12. јуни, по повод **Меѓународниот ден против злоупотреба на детскиот труд**, Амбасадата Меѓаши се огласи со соопштение до јавноста, каде алармираше за сé поголемата бројка на деца во Република Македонија, чиј труд се злоупотребува.

Покрај тоа, потсетивме дека иако Република Македонија пред 4 години ја ратификуваше Конвенцијата против злоупотреба на детскиот труд, состојбата е повеќе од алармантна. Аларамантен е фактот дека во Р. Македонија повеќе од 18000 деца не се вклучени во образованието, а над 1000 деца се на улица.

Во светот има над 250 милиони деца чиј труд се злоупотребува. Само во Индија оваа бројка изнесува помеѓу 60 и 115 милиони деца без детство.

## Во Македонија, од вкупно 726 внатрешно раселени лица, 177 се деца

На 20 јуни, по повод **Меѓународниот ден на бегалците** ја потсетивме јавноста дека во Македонија во текот на 2006 година, азил побарале 2473 лица, од кои 2032 се баратели на азил по потекло од Косово како последица на кризата во СР Југославија од 1999г. Состојбата во Македонија со внатрешно раселени лица од конфликтот во 2001 година е вкупно 726 внатрешно раселени лица, од кои 177 се деца. Половината живеат во кампови а половината во семејства.

Во светот, околу 50 милиони луѓе можат да се опишат како жртви на присилно раселување. Четиринаесет милиони луѓе се "бегалци" во конвенционална смисла на зборот — луѓе кои го напуштиле својот дом или земја за да избегаат од прогонување, вооружен конфликт или насилство. Повеќе од половина од официјалните бројки се однесуваат на деца.

**Активности на социјалната служба—помош на социјално загрозени деца и семејства.**

Ги информираме сите граѓани, доколку имаат храна, облека или обувки кои сакаат да ги донираат, тоа може да го сторат во нашите простории. Вашата донација ќе биде распределена онаму каде е најпотребна.

## Петиција против легализација на партијата Братска Љубов, Слобода и Разновидност

**На 19. јули, веднаш по веста дека судот во Холандија ја легализирал партијата "Братска љубов, Слобода и Разновидност", Амбасадата Меѓаши испрати протестно писмо и апел за потпишување петиција.**

**РЕАКЦИЈА ПО ПОВОД ЛЕГАЛИЗИРАЊЕТО НА ПАРТИЈАТА ЗА БРАТСКА ЉУБОВ, СЛОБОДА И РАЗНОВИДНОСТ ОД СТРАНА НА ХОЛАНДСКИОТ СУД**

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши , како меѓународна невладина организација за заштита на правата на децата, смета дека легализацијата на партија која ги застапува интересите на педофилите е опасност за безбедноста на секое општество, а посебна опасност за безбедноста на децата.

Амбасадата Меѓаши смета дека, програмските цели на оваа партија кои поддржуваат симнување на легалната возрасна граница кај децата за сексуални односи, легализирање на детската порнографија, па дури и легално прикажување и промовирање на насилна порнографија, е спротивна на духот на Конвенцијата за заштита на правата на детето.

Имено потписничките на Конвенцијата за правата на детето се залагаат за меѓународна акција на државите и другите меѓународни организации во корист на хармоничен развој на личноста на детето, негово растење во семејна средина, во атмосфера на љубов и разбирање. Исто така залагањето на Партијата за овозможување на деца на возраст од 16 години да се занимаваат со проституција и да се појавуваат во порнографски филмови е во спротивност со Конвенцијата за забрана на најлошите форми од злоупотреба на детскиот труд бр. 182. Истата е ратификувана од Холандија на 14.02.2002 година. Оваа Конвенција досега ја имаат ратификувано 161 земја, а Република Македонија истата ја ратификува во Собранието на 30.05.2002 година како резултат и на залагањето на Првата детска амбасада во светот. Во оваа Конвенција во член 3 користењето, продукцијата и нудењето на деца за проституција, за продукција на порнографија се дефинира како една од најопасните форми на злоупотреба на детскиот труд.

Првата детска амбасада во светот ја поддржува Холандската организација за заштита на децата – Foundation Profit for World's Children и нивната акција за собирање потписи за петиција за забрана на оваа партија. Би сакале да нагласиме дека, регистрирањето на оваа партија е во спротивност со **член 3** од Конвенцијата за правата на детето, каде се вели: Во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење се интересите на детето, без оглед дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, судовите, административните органи и законодавните институции.

Затоа сметаме дека Холандската влада треба да ги сочува "вратите затворени' пред манипулацијата со правата на детето и да не дозволи легализација на едно од најопасните дела по правата на детето (сексуална злоупотреба/педофилијата), која директно е поврзана со злоупотреба, а многу малку со сексуалната слобода!




***0800 1 22 22***
***СОС телефон за деца и млади***
***Бесплатна линија***

**Заклучно со 15.септември 2006, се собраа вкупно 34.529 потписи на петицијата, и истата е поднесена во Министерството за правда во Хаг.**

**http://www.nokiddingklaagtaan.org/en**

**NO KIDDING KLAAGT AAN**

## Мeѓаши членка на Граѓанската Платформа на Македонија

На 16 Март 2004 година беше основана Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ). Првата детска амбасада во светот-Меѓаши е една од организациите основачи на ГПМ и членка на Комитетот на ГПМ.Платформата е отворено место за размислување, демократска расправа на идеи, формулација на предлози, слободна размена на искуства и меѓусебно поврзување за делотворна акција на граѓанските организации што се посветени на градење граѓанско општество во Македонија. Во Граѓанската Платформа на Македонија членуваат 31 граѓанска организација.

Активностите предвидени во програмата за работа на ГПМ се насочени кон: подобрување на комуникацијата, координацијата и соработката на граѓанскиот сектор; развој на домашен систем на поддршка; воспоставување на граѓански сектор кој работи со највисоки етички стандарди на одговорност и јавност (транспарентност).

Во рамки на програмата на ГПМ, Меѓаши е координатор на програмата за " дијалог и соработка со граѓанските организации, владата, бизнис секторот, медиумите и пошироката јавност".

За периодот од 2006/2007, програмата на ГПМ е ко-финансирана од страна на Европската агенција за реконструкција (ЕАР).

## Повик за учество

Во рамките на програмата на ГПМ, Детската амбасада Меѓаши спроведува активност "Промоција на позитивни примери". Целта е зголемување на видливоста на резултатите од работата на граѓанските организации преку публикување на нивните најуспеши активности.
За целите на оваа активност може да ни помогнете доколку **посочите еден или повеќе позитивни примери (во последниве 15 години) реализирани од страна на некоја граѓанска организација и за кои сметате дека пошироката јавност треба да биде запознаена. Под позитивен пример го подразбираме влијанието што е направено, помошта, поддршката што е реализирана за да се смени нечиј живот на подобро.**
За подетални информации слободно контактирајте не директно во нашите простории или на: 2 2465-316
*info@childrensembassy.org.mk*

## Над 100 деца веќе ги користат услугите на Детските работилници во Меѓаши!!

Нашите популарни **Детски Работилници** оваа година се освежени со нова-побогата програма, а функционираат и во нови простории, на истата адреса. Новиот капацетет дозволува



зачленување на дури 450 деца на возраст од 4 до 15 години. Веќе еден месец, над 100 деца ги користат услугите на Детските работилници.

Секоја работилница започнува со кратка вежба за ненасилна комуникација, каде децата учат да развиваат дух на солидарност и другарство. Потоа на креативен начин и со мали паузи за одмор, се совладува новата материја. Една работилница трае 90 минути, а ја држи обучен волонтер.

Она што Амбасадата Меѓаши го нуди се работилници за: Англиски, Германски, Грчки, Француски и Албански јазик, Компјутерска, Математичка и Астрономска, Спортска, Оригами, За добро здравје, Еколошка, Бон-Тон, Уметност, Применета уметност, Театарска, Литературна, Географска, Дописна, Модна креација, Едукација за Човековите вредности и Филателија.

Сите Детски работилници се одвиваат во две возрасни групи—од 4 до 9 години и од 10-15 години, и имаат свој посебен термин.

Освен поделбата според возраста, групите се поделени и според нивото на знаење: почетно и напредно.

**Годишната членарина изнесува 600,00 денари**, а може да се плати и на две рати по 300,00 денари. За децата чии родители се корисници на социјална помош, деца без родители и раселени деца, Детските работилници се бесплатни.



*Од работилницата по применета уметност*

Оваа година дел од потребните средства за работата на Детските работилници ќе ги покрива Австралиската Амбасада во Белград.

**Пријавувањето за Детските работилници сé уште е во тек,** а инфомации и резервации за зачленувањето може да се направат секој работен ден од 08-20 часот на телефоните 2463 –900 и 2465-316.

Координаторка на Детските Работилници е Татјана Јаневска.

**Групите од 10 и повеќе деца, можат да се зачленат со групна членарина од по 300,00 денари за секое дете, за период од 1 година.**

**Секое дете на возраст до 18 години може да стане член на Детската Амбасада.**

**Возрасните можат да се вклучат во работата на Меѓаши со волонтирање или членување.**



*Театарската работилница ќе отпочне со работа кон крајот на ноември*

## Политичка злоупотреба на деца во Република Македонија

**За време на изборната кампања испративме потсетување до сите медиуми да не се злоупотребуваат децата во политички цели**.

Потсетивме дека според Конвенцијата за правата на детето и според Законот за заштита на децата "**Се забранува злоупотреба на децата поради политичко или верско организирање и дејствување**" (чл. 9/2). Со Закон е забрането за време на изборната кампања, политичките партии да вклучуваат деца во нивните изборни кампањи—на промотивен материјал, во спотови, билборди, за присуства на митинзи, регрутирање во политички подмладок, агитирање и сл.

Забранета е и економска експлоатација на сите лица помлади од 18 години за лепење на плакати, делење флаери, маички и сл. Воедно, ги охрабривме политичките партии да имаат предизборен натпревар со содржини во нивната платформа кои детството ќе го направат безгрижно и сигурно, а истовремено ќе гарантираат имплементација на Конвенцијата за правата на детето и ќе се залагаат да не се кршат правата на децата.

На нашиот СОС телефон имавме една пријава за политичка злоупотреба на група деца од Битола.

## Форум театар за животните приказни на децата без родители кои биле згрижени во домови или дом-семејства

Првата детска амбасада во светот-Меѓаши на 25. септември 2006 година, организираше форум театар отворен за публика во кој главни актери беа младинците без родители и родителска грижа. Тие се обратија до надлежните институции, министерствата, граѓански организации, до своите другари и другарки како и до медиумите, со цел да ги претставаат одблизу, реално и со конкретни примери своите животни приказни и проблемите со кои тие се соочувале.



**_Децата на нивниот настап_**

Приказните кои се работеа, беа приказни од нивниот реален живот, случки кои оставиле силен печат за некои од нив, а кои несебично и со огромна доверба ги споделија со нас и собраа храброст да се отворат пред јавноста и зборуваат за својата болка.

Многу од нив имаат пеколно минато за кое им е навистина тешко да зборуваат. Но, не се сите приказни тажни, некои од младинците се премногу благодарни и со задоволство зборуваат за нивните старатели кои ги одгледале како свои деца.

Идејата со форум театарот беше барем делумно да допреме до надлежните, до оние чии раце ги држат овие детски судбини и до пошироката јавност.

Досега активностите беа поддржани од Проект за развој на општините (ПРО)- Светска Банка .

**_Форум театарот беше организиран во соработка со НВО Рубикон, а тренер беше Владимир Караев_**




Првата детска амбасада во светот—Меѓаши може да се пофали со нов компјутерски едукативен центар. Компјутерскиот центар функционира во рамките на Детските работилници, а часовите се одржуваат во четири групи, со програма прилагодена на возраста на децата. Уписите се во тек. Компјутерскиот центар се оформи со помош на **Македонски Телекомуникации** кои донираа 13 компјутери и **Инфопроект** кој ги донира прирачниците за едукативниот центар.

**Им благодариме!**

# Заедничка реакција на Првата детска амбасада во светот— Меѓаши и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Р.М.

**Првата детска амбасада во светот - Меѓаши и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија реагираа по повод прилогот "Сексуално насилство врз три сопствени ќерки" објавен на А1 Телевизија во саботата на 24.06.2006 од новинарката Маре Стоилова.**

Во прилогот беа интервјуирани две од ќерките кои сведочеа за инцест направен од страна на таткото над нивните три сестри. За овие случувања сведочеше и една од ќерките која успеала да се оттргне од сексуално насилство од таткото и при тоа не беше почитувана новинарската етика во вакви случаи при изјава на дете да се заштити неговиот идентитет на соодветен начин (со покривање или замаглување на лицето, мутирање на гласот или сл.).

Пред четири месеци упативме замолница до сите медиуми при известување за настани поврзани со деца да се почитува приватноста, идентитетот и интегритетот на децата. При тоа сметаме дека децата треба да се охрабруваат да проговорат за насилството и да го препознаваат, но тоа мора да биде професионално сторено од страна на новинарите со сите предвидени заштитни и технички средства со кои се гарантира приватноста и заштита на идентитетот и интегритетот на детето. Со ваков пристап во работата медиумите може многу да помогнат во документирање на насилството, негова превенција и да бидат партнери на граѓанските организации кои се борат за заштита и почитување на правата на децата.

Уште еднаш истакнувајќи ја нашата готовност за соработка со Вас посебно за овој тип случаи, исклучиво во интерес на децата слободни сме да Ве замолиме во иднина, при пренесување на изјави добиени од деца, да се користат предвидените заштитни методи. Извесно е дека и покрај вашата и нашата добра намера - може да се наштети на интегритетот на детето и тоа дополнително да биде стигматизирано и виктимизирано.

Во таа функција, ве потсетуваме на:

**член 3 од Конвенцијата за правата на детето**

Во сите активности кои се однесуваат на децата од примарно значење се интересите на детето, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, судовите, административните органи или законодавните тела.

**член 16 од Конвенцијата за правата на детето:**

ниедно дете не смее да биде изложено на произволно или незаконско мешање во неговата приватност, семејство, дом или личната преписка, ниту на незаконски напади на неговата чест и углед.

детето има право на законска заштита против таквото мешање или напади

**член 23 од Конвенцијата за правата на детето**

1.Државите-членки признаваат дека детето со ментални или физички пречки во развојот треба да ужива целосен и достоен живот, во услови со кои се обезбедува неговото достоинство, се потикнува самостојноста и се олеснува активното учество на детето во заедницата.

- Основните упатства и принципи на Меѓународната федерација на новинарите за известување за прашања во кои се инволвирани децата:

внимателно да ги земат предвид последиците од публикувањето на секаков материјал во врска со децата и на **тој начин да ја намалат штетата врз децата; да внимаваат да не користат визуелно или друго идентификување** на децата доколку тоа не е очигледно во јавен интерес;

да осигураат независна верификација на информациите што ги дале децата и да водат посебна грижа верификацијата да не ги стави во опасност децата информатори;

да употребуваат чесни, отворени и недвосмислени методи за обезбедување слики и, таму каде што е можно, да ги добијат со знаење и согласност на децата или на одговорното возрасно лице, старател или лицето што се грижи за нив.

Медиумите не треба да ги земаат предвид и да известуваат за положбата на децата само како настан, туку треба постојано да известуваат за процесот кој може да доведе или води кон појавата на тој настан.

Во најдобар интерес на децата е да внимаваме на вакви подробности кои може да имаат негативен ефект токму над децата за кои се залагаме да ги заштитиме.

Ви благодариме за соработката и разбирањето.

**м-р Драги Змијанац**
Извршен директор на
Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ
Република Македонија

И

**д-р Мирјана Најчевска**
Претседателка на Хелсиншки комитет за човекови права
на Република Македонија

## Н.Е. Проф. Д-р Пол Ратнајаке

Н.Е. Проф. Д-р Ратнајаке е номиниран и инаугуриран Почесен Конзул на Првата детска амбасада во светот—Меѓаши поради неговата посветеност за подобро општество преку градење подобри заедници, со исклучително залагање на локално, национално и интернационално ниво.

Д-р. Ратнајаке се наоѓа на листата на исклучителни луѓе на 20-тиот век, а неговата биографија е вклучена во публикацијата "1000 светски влијателни лидери" и член на Редот на Интернационални Амбасадори.

Помеѓу достигнувањата на Д-р. Ратнајаке се наоѓаат широк спектар на активности како: извршен директор во бизнис сектор, волонтерска работа, собирање средства, претприемништво, истражувања, образование, хуманитарана работа, разонода, изумителство, автор, музичар и многу останати активности кои ќе влијаат на идните генерации.

Нашиот почесен конзул ги споделува залагањата на Детската Амбасада—Меѓаши за вклучување на сите деца во образованието, и дури и самиот спроведува интернет кампањи и има отворено Академија за е-учење.

Н.Е. Проф. Д-р. Ратнајаке е почесен конзул на Првата детска амбасада во светот—Меѓаши за Базел и Базелленд, Швајцарија. Тој редовно одржува контакти со нас и ја промовира Детската Амбасада—Меѓаши.

http://www.urcoach.com/index.htm



**Н.Е. Проф д-р. Пол Ратнајаке**

## Најава: Формирање на СУД НА ДЕТСКОТО ДОСТОИНСТВО

Поради енормно високиот процент на насилство врз децата во сите сфери на живеење, Детската Амбасада реши да основа Суд на детското достоинство. Судот ќе почне да функционира на крајот од месец Ноември. Повеќе околу неговата работа во следниот број.




## Три бесплатни линии за подобар живот

Со поддршката на УНИЦЕФ, испечатена е брошурата "**Три бесплатни линии за подобар живот**", за СОС телефонот за деца и млади **0800 1 22 22**, СОС линија за помош од трговија со луѓе **0800 11 111** и СОС линија за помош од дрога **0800 11 444**.

## Транспарентност во работењето

Првата детска амбасада во светот—Меѓаши го испечати својот годишен извештај за 2005 година-"**Ние сме иднината**". Во него се опфатени информации за активностите во 2005 и независното ревизорско мислење на КПМГ. Годишниот извештај може да се преземе од нашата интернет страница. Печатењето на годишникот е поддржано од **МЦМС**.




## Нашите волонтери учесници на интернационален летен камп за млади за културна размена, респект и толеранција

Интернационалниот летен камп за млади беше одржан од 23 - 30 . 07. 2005 во Бачки Моноштор, Сомбор.

На овој камп партиципираа млади од екс-југословенските простори и тоа од Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, Словенија и Србија. Како претставници од нашата амбасада беа следниве волонтери: **Мирхан Сулимановски, Снежана Постоловска, Азрина Дупљак, Магдалена Павловска и Татјана Насевска .**

Работилниците беа водени од фацилитатори од Швајцарија.

Целта на овие работолници е потикнување на активност, фантазија и креативност за послободно изразување на своите идеи.




***Сите учесници од кампот беа активно вклучени во работилниците според нивните афинитети и во сите спортски натпревари кои се одржуваа во попладневните часови. Помеѓу фасцилитаторите и учесниците се воспостави добар контакт и прекрасна атмосфера што овозможи добра групна динамика и размена на искуства.***

***Татјана Насевска***

## СОС телефон за деца и млади 0800 1 2222—бесплатна линија

Во перидот јули-октомври, вкупно 193 деца и млади собрале храброст да побараат помош на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 22 22. Од нив, 37 биле момчиња, а 151 било девојчиње. Дваесет и еден повик бил поврзан со физичко или сексуално насилство, а два јавувачи пријавиле педофилија.

Од септември продолжи надворешната супервизија на работата на волонтерите на СОС телефонот, од страна нашиот долгогодишен соработник Станислав Петковски. Воедно е обезбеден и дополнителен тренинг за волонтерите, со што ќе се подобри квалитетот на нивната работа.

**СОС телефонот** е финансиски поддржан од **Македонски Телекомуникации** и **Стопанска Банка**. Дел од трошоците за волонтерите, ги покриваат **Пексим Компјутери** и **СОС телефонот од Ирска**.

Childline Listens to Children 1800 666 666



**Адријана Рушити и Ирена Цветковска, волнтерки на бесплатна Правната служба и СОС телефонот за деца и млади во Меѓаши**

## Бесплатна Правна служба—бесплатни правни совети

**Во последните 4 месеци, правната служба реагираше на 14 нови пријавени случаи на кршење на правата на детето**

**"Повикај се на твоите права"**

Во соработка со СОС телефонот активно работи и **бесплатната правна служба**.

Во нашата работа ние се повикуваме на заштита на детските права предвидени во Меѓународните конвенции за заштита на детските права и на законите на Република Македонија. Тука се вклучени Конвенцијата за правата на детето на ОН, потоа Конвенцијата за забрана на најлошите видови детски труд на МОТ, Законот за детска заштита, Закон за социјална заштита, Законот за семејство и други Закони кои допираат во сферата на детските права. Правната служба одржува редовни контакти со други граѓански организации и државни институции заради поуспешна заштита на детските права.

Во тој правец најчести се контактите со Народниот правобвранител.

## Дел од случаите на кршење на детските права пријавени во правната служба

**1.** Случај на занемарување на дете. Случајот го пријави чичкото на малолетникот (15 години). Тој пријави дека малолетникот живее со својата мајка во атипични услови за живот, и постојат сериозни индиции дека мајката се бави со проституција, не обрнува внимание на психо-социјалниот развој на детето кое не учи средно училиште и има нарушен социјален живот. *Случајот го пријавивме во Меѓуопштински центар за социјална работа, каде започна да се води постапка за надзор на вршење на родителското право. МЦСР го истражи случајот и продолжи кон-тинуирано да го следи. Според нив, се забележуваат позитивни резултати кај малолетникот.*

**2.** Случај на посредување при проституција на малолетници од страна на постаро лице. *Случајот е пријавен во МВР, кои поведоа истрага по случајот. Во интерес на истрагата, повеќе — во наредниот број.*

**3.** Случај на физичко насилство врз деца од страна на професор во Дом за деца . *Случајот беше пријавен во МВР, а ние го пријавивме кај Народниот Правобранител и МЦСР. МЦСР се огласи за ненадлежен бидејќи децата не се негови штитеници. Во тек е постапка пред друг Центар за социјални работи.*

**4.** Случај на физичко и психичко малтретирање на ученик од страна на наставник во основно училиште. *За случајот го известивме Народниот правобранител кој по службена должност прибави мислење од директорот на училиштето. На барање на директорот биле обавени разговори помеѓу наставни-чката, детето и родителите и психологот на училиштето. Според информацијата на Народниот правобранител, разговорите придонеле кон подобрување на односот наставник - ученик. Од страна на Амбасадата штотуку е покрената иницијатива за дисциплинска одговорност на наставникот.*

## Интернационална конференција на СОС линиите за деца, во организација на Child Helpline International и Briss –Шведска

Од 1. до 4. октомври, во Стокхолм се одржа третата интернационална конференција на СОС детски телефони од целиот свет, под покровителство на Шведската кралица Силвија.

Покрај претставниците на СОС линиите, на конференцијата учествуваа и претставници на Меѓународната унија на Телекомуникации, кои и најчесто се јавуваат како поддржувачи на СОС детските линии.

Преку работилници, на конференцијата беа меѓу другото промовирани новитети во работата на СОС линиите како: поддршка/ разговор преку СМС пораки, преку е-маил, преку web-chat, како и посебни интерактивни портали "Од деца за деца", каде децата поставуваат прашање за проблеми и раговараат на е-маил со обучен оператор.

На оваа конференција нашиот СОС телефон 0800 1 22 22, претсавуван од г-ѓа Гордана Приковска – Змијанац—програм менаџерка на Амбасадата Меѓаши, доби сертификат дека се стреми кон задоволување на светските стандарди за работа на СОС линиите.

"Навистина е за пофалба колку современите технологии ја помагаат работата на СОС телефоните. Предизвик е и нашиот СОС телефон да профункционира на овој начин. " ни изјави г-ѓа Гордана по враќањето.
http://www.childhelplineinternational.org

## Студиска посета на МИРамиДА Грожњан, Истра

Од 4 до 11 септември во Хрватска, во организација на МИРамиДА Грожњан беше организирана студиска посета. Учесници беа професори (од кои 3 членови на нашата организација) од средни мултиетнички училишта вклучени во работата на граѓански здруженија од Босна и Херцеговина, Хрватска и Македонија. Целта на средбата беше да се разменат искуства, да се остварат првичните контакти како можност за идна соработка и да се стекнат нови знаења и вештини кои ќе им помогнат во нивната идна работа. Беа организирани посети на две училишта во Пореч и работилници од областа на соочување со минатото, водени од Џон и Диана Лампен, Горан Божиќевиќ и Ана Битољану. Им благодариме на: домаќините, Balkan Civil Society Development Network, и МЦМС за вниманието и поддршката.

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK




**посебен впечаток на групата остави оваа табла закачена пред влезот на училиштето**



**професорките Љубица Алексова, Зумрета Јакупи (ДСМУ "Др Панче Караѓозов") и Нада Јанкова (Гимназија Никола Карев) заедно со другите учесници во посета основно училише во Пореч.**

## *Благодарност до сите оние кои ја поддржаа хуманитарната акција за Марјан Ристески од Прилеп*

Детската Амбасада Меѓаши, со Вашата поддршка ја помогна хуманитарната акција за собирање на преостанатите 3.000 евра (од вкупно 28.000) за операција на Марјан Ристески од Прилеп, со испраќање на е-маил до сите пријатели на амбасадата.

Акцијата започна со отворање на специјалниот број за донации 070 / 143 – 131 преку кој сите хумани граѓани, корисници на услугите на Т-Мобиле, можеа да донираат 100 денари од својата телефонска сметка, притоа создавајќи фонд од донации наменети за реализација на потребната трансплантација на коскена срж со која Марјан ќе ја победи болеста.

Во организацијата на оваа најмасовна хуманитарна акција за поединец досега се вклучија повеќе граѓански организации од Прилеп и Битола, Битолскиот Младински културен центар, градоначалниците од двата града, повеќе електронски и печатени медиуми, Црвениот крст на град Скопје, како и утринската програма Раноден, Сити Радио и Горан



**Марјан во моментов се наоѓа во државната клиника во Лајпциг.**

## *Хуманитарен настан за Детската клиника—оддел за онкологија*

Детската Амбасада Меѓаши учествуваше на Хуманитарниот настан кој се одржа на 05. 10 2006 во трговскиот центар Рамстор, а беше наменет за собирање средства за Детската клиника—оддел за онкологија.

Секој посетител на Рамстор имаше можност да направи Оригами фигура заедно со Цеце Василевска—дете член на Првата детска амбасада во светот—Меѓаши.

Листовите за изработка на оригами се продаваа по цена од 10,00 денари, а посетителите парите ги ставаа во касичката специјално наменета за Детската клиника.

Настанот беше организиран од Рамстор и Црвениот Крст на Македонија.

На едночасовната забава која ја водеше водителот од Карамел радио - Ивце Пивце, учествуваа Балетското студио "Еурека", Зана Алиу—македонскиот претставник за детскиот Евросонг во Букурешт и Ана Ветерова.



***Цеце и Ивце Пивце на хумантарниот настан во Рамстор***

## Известуваме за донациите од граѓаните



Космофон во соработка со Меѓаши, во Април отвори специјален број за донации 075/ 141-525, на кој можат да се донираат 50,00 денари со повик или смс за акативностите на нашата организација. Во текот на месеците април и мај, граѓаните на овој број донирале вкупно **66.000 денари**, односно вкупно 1329 донации преку повик или смс.

Во последните три месеци, во касичките на Аеродром Петровец, во Рамстор, СП маркетите во Автокоманда и Тафталиџе, граѓаните подариле 7.820; 9.730; 6.680 и 5.075 денари, соодветно, односно вкупно **29.305 денари**. Во броењето на собраните средства, покрај работниот тим на Меѓаши, учествуваа и надворешните членови: Наташа Периќ, домаќинка и Ленче Попчева Лиева, сметководителка.

Сите собрани средства беа наменети за почетокот на Детските работилници, за работата на Социјалната служба за поддршка на активностите во случаите на кршење на детските права и за останатите програмски активности на амбасадата Меѓаши.

**Голема благодарност до граѓаните за укажаната доверба!**

*Во моментов, покрај специјалниот број **075/ 141-525**, во соработка со Фондацијата Т-Мобиле за Македонија отворивме уште еден број за корисниците на 070/071 мрежата— **070/ 14 34 24**. И на двата специјални броја во моментов се собираат средства за активностите на нашата организација против насилството врз децата во Македонија.*

## БЛАГОДАРНОСТ

Голема благодарност до **Рамстор, игротека Фантазија, Космофон, млечен ресторан Росана, Фондација Т-мобиле за Македонија, Nextsense, Пексим Компјутери, Македонски Телекомуникации, Стопанска Банка, Инфопроект, Хотелите Stonebridge и Карпош,СП Маркетите, Аеродром Петровец,Ивце Пивце, Џина Папас– Џокси и за поддршката на многуте хумани граѓани кои донираа облека, обувки и играчки**

## “Заедно за Транспарентност”

Граѓанското општество е ефективно само ако е потврдено и вкоренето во општеството и јавноста. Тоа пред се значи и одговорност, вклучувајќи и отчетност пред јавноста на граѓанските организации особено на оние кои се стремат за јавно добро.

Со цел да се даде придонес кон транспарентноста на работата на граѓанските организации, како придонес кон подобрување на ефективноста на граѓанскиот сектор, група граѓански организации, 8 членки на Граѓанската платформа на Македонија, одлучија доброволно по третпат да ги објават годишните извештаи, вклучувајќи ги финансиските извештаи со независните ревизорски мислења по тие извештаи: Првата детска амбасада во севтот—Меѓаши, Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП); Македонскиот центар за мегународна соработка (МЦМС); Постполио група за подршка Полио плус; Сојузот на организации на жени во Македонија (СОЖМ); Центарот за граѓанска иницијатива (ЦГИ) Прилеп; Движењето на екологистите на Македонија, Асоцијација на демократски иницијативи (АДИ) и Младинскиот културен центар Битола.

Годишните извештаи беа објавени на 01. август 2006, во дневните весници Дневник и Факти.

## Соработка со игротеката Фантазија – родендени за социјално загрозените деца



Почнувајќи од месец октомври, Првата детска амбасада во светот—Меѓаши ја започна својата соработка со игротеката “Фантазија”.



Секој месец, Меѓаши и Фантазија во целост ќе го организираат роденденот на едно од децата членови на Амбасадата чии родители се корисници на социјална помош.

Изненадувањето за овој месец беше подготвено за единаесетгодишната Благородна. Таа пристигна во игротеката во придружба на своите родители, а таму, со “Среќен роденден, Благородна” ја дочекаа 15 другарчиња од нејзиното оделение и од Амбасадата Меѓаши.



***Благородна го прима подарокот од Меѓаши***

Организацијата на изненадувањето беше можна со помош на прекрасните покани кои ги подготви игротеката Фантазија, а за славеничката имаше и роденденска торта.



***Благородна со сопственичката на игротеката “Фантазија”, Хелена Роза***

Прва детска амбасада во светот–Меѓаши,     Република Македонија

*Коста Новаковиќ 22а*
*1000 Скопје*
*Република Македонија*
*телефон: +389 22 465 316*
*Тел/факс: +389 22 463 900*

*Жиро сметка 200000010722372*
*Даночен број 4030995179890*
*Депонент на Стопанска Банка а.д. Скопје*
*Девизна сметка: SWIFT STOB MK 2X*

## Посетете не и на интернет!

**www.childrensembassy.org.mk**

***(Страната е во изработка)***

*nextsense*

***Првата детска амбасада во светот-Меѓаши –Ребублика Македонија*** *е основана на* ***29 Април 1992 во Скопје*** *.*

***Амбасадата Меѓаши*** *се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и креативно. Го зајакнува граѓанското движење за правата на детето и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.*

*Идејата, името и маскотата (Бушавко) се заштитени во Министерството за развој на Р.Македонија, Завод за заштита на индустриската сопственот под жиг бр. 864, 864 и 865 во 1994 година.*

*Доколку ги поддржувате нашите активности, Вие можете да:*

*донирате 50 денари со повик или смс*

***075/143-424***

*донирате 100 денари со повик или смс*

***070/143-424***

***Заедно против насилството врз децата***

**Детска Амбасада—Меѓаши**

Италијанската страница:

www.childrensembassy.it

## *Меѓаши Ви претставува: Работилница по филателија*

Почнувајќи од овој број, Детската Амбасада Меѓаши во секое издание на Информаторот ќе претставиме по една од Детските работилници.

За овој борј ја одбравме работилницита по филателија, која ја води познатиот филателист г-дин Красимир Трајков.



Во своето долгогодишно искуство (од 1955 година), г-дин Красимир има организирано голем број изложби на Балканот и пошироко, меѓу кои и првата изложба за филателстичка литература, организација на првиот меѓународен симпозиум за развој на филателијата, изложба на националните филате-листички збирки во Македонија и на интерна-ционални случувања и бројни присуства на настани.

Меѓу бројните збирки на поштенски марки кои ги поседува г-дин Красимир, се збирките: Македоника, Мајка Тереза, Хидротехнички објекти и брани, Филм, Дипломатска пошта, Археологија на балканот и многу други.

Г-дин Красмир во моментов се грижи за кореспонденицајата на Првата детска амбасада во светот—Меѓаши, и ја подготвува изложбата за дипломатска пошта по повод 15 години од работата на Детската Амбасада –Меѓаши.



*За оваа работилница сеуште има слободни места.*

## *По повод Детската недела*

Амбасада Меѓаши ја одбележа Детската Недела со Работилници за детските права.

За оваа цел, организирано не посетија над 80 деца кои посетуваат предшколска и одделенска настава, од: училиштето Кузман Јосифиовски Питу како и Градинките Срничка, подружница Изворче и Бамби.



Децата гости ги запознавме со нивните права преку работилниците, а тие донесоа подароци—облека, обувки и играчки: Подароците, нашите волонтерки од социјалната служба Ана Поповска и Ирена Цветковска им ги подарија на семејството Стефановски—социјално загрозено семејство.